# РАЗВОЈНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА

# ООУ „СИМЧЕ НАСТОВСКИ“ ВРАТНИЦА, ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ

## за период од 2020 до 2024 година




Вратница , октомври 2020 година

## Преамбула

Врз основа на **Законот за основно образование**, објавен во Службен весник на РСМ, бр. 161 од 5.8.2019 година, односно:

Член 49

(1) Основното училиште изготвува Развојна програма за работа.

(2) Со Развојната програма се планираат целите и визијата за развој на училиштето во

периодот од четири години, со конкретно наведени активности на училиштето согласно со стратешките и концепциските документи и стручни документи и упатства утврдени од надлежните институции.

А врз основа на **Правилникот за формата и содржината на развојната и годишната програма** за работа на основното училиште, бр.18-6579/1 од 6.07.2020 година донесен од министерот за образование и наука, односно:

Член 1

Со овој правилник се утврдува формата и содржината на Развојната и годишната програма за работа на основното училиште.

Член 2

Развојната програма за работа на основното училиште претставува документ со кој се

планираат мисијата и визијата, приоритетните подрачја за развој на основното училиште, како и начинот на следење и евалуација на развојната програма за работа на основното училиште за период од четири години, со цел да се унапреди воспитно-образовната работа во училиштето.

# СОДРЖИНА

Вовед...................................................................................................................................... 4
1. Податоци за основното училиште................................................................................... 5
1.2. Историјат на основното училиште .................................................................................. 6
1.3. Специфики кои го карактеризираат основното училиште во однос на другите основни училишта .. 6
2. Преглед на постоечките ресурси со кои располга основното училиште.................................. 7
2.1. Број на вработени и стручен профил (човечки ресурси) и стручна подготовка...................... 7
2.2. Работен стаж на вработените ........................................................................................ 8
2.3. Простор .................................................................................................................... 8
2.4. Опрема и наставни стедства согласно „Нормативот и стандарди за простор, опрема и наставни средства“............................................................................................................. 9
2.5. Материјално-финансиско работење на училиштето........................................................ 12
3. Подрачје на работа на основното училиште-наставен план, проширена програма и друга воспитно-образовна работа ........................................................................................... 12
4. Евалуација на работата на основното училиште во претходните четири години ...................... 13
4.1. Самоевалуаија на основното училиште.......................................................................... 13
4.2. Интегрална евалуација на основното училиште .............................................................. 23
5. Фактори кои влијаат на развојот на основното училиште (СВОТ анализа) ............................ 39
6. Мисија и визија на основното училиште............................................................................ 41
7. Стратешки цели и приоритетни подрачја за развој на основното училиште во четиригодишниот период ..................................................................................................................... 42
8. Соработка на основното училиште со родителите/старателите............................................ 47
9. Соработка на основното училиште со општината, институциите од обласста на образованието, НВО итн. 48
10. Следење на имплементацијата на Развојната програма за работа на основното училиште ......... 49
11. Евалуација на Развојната програма за работа на основното училиште .................................. 50
12. Заклучок.................................................................................................................. 50
13. Комисија за изработка на Развојната програма за работа на основното училиште ................... 51
14. Користена литература................................................................................................ 51

# Вовед

Развојната програма на ООУ„Симче Настовски“ е документ кој помага во управувањето и организацијата на училиштето. Овој документ треба да се сфати како алатка која помага во унапредувањето на квалитетот на воспитно – образовниот процес. Треба да се има во предвид дека развојното планирање е континуиран творечки процес кој произлеува од самоевалуацијата и се однесува на постојано истражување и препознавање на реалните (вистинските) потреби на училиштето, како и во осмислување на начини како тие потреби да се задоволат.

Освен тоа нашето училиште во развојното планирање самото е иницијатор и актер на сопствените промени. Развојот на училиштето се одвива на релација помеѓу сегашната состојба и проекцијата на посакуваните идеали. Јасно е дека развојниот план не е конечен и како таков, постојано е подлежен на мониторинг и по воочена потреба тој може да се доработува и преработува.

Развојната програма на училиштето изготвена е врз основа на: Законот за основно образование, Законот за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта, Законот за работни односи, Наставни планови и програми, Годишни програми за работа на училиштето, Годишни извештаи за работата на училиштето и Самоевалуација на училиштето за период 2018-2020 година.

# 1. Податоци за основното училиште

## 1.1 Идентификациони податоци за основното училиште

| | |
|---|---|
| Име на основното училиште | ООУ ,,Симче Настовски“ |
| Адреса | Ул: 101 бр.100 Вратница, Јегуновце |
| Телефон | 044/451-008 |
| Место, општина | с. Вратница, Јегуновце |
| Веб-страница | https://oousimcenastovski.weebly.com/ |
| Е-маил | simcenastovski@yahoo.com |
| Ден на училиштето | 20 октомври |
| Внатрешна површина на училиштето ($m^2$) | 2 050 m2 |
| Училишен двор ($m^2$) | 3 891 m2 |
| Подрачни училишта во состав на основното училиште, место | ПУ Старо Село ПУ Рогачево ПУ Јажинце ПУ Орашје ПУ Долно Орашје |
| Капацитет на училиштето(максимален број на ученици) | 450 |
| Број на ученици (моментална состојба) | 217 |
| Број на паралелки | 24 |
| Јазик/јазици на кој/кои се реализира наставата во училиштето | македонски и албански |
| Во основното училиште има паралелки за ученици со посебни образовни потреби | нема |
| Број на смени во кои се реализира наставата во училиштето | 1 смена |
| Во основното училиште има паралелки од музичко училиште | нема |
| Во основното училште има ресурен центар | Нема |
| Други идентификациони податоци карактеристични за основното училиште | Основно училиште со Центар за поддршка на учењето на учениците со попреченост |

## 1.2. Историјат на основното училиште

Општинското основно училиште „Симче Настовски“ Вратница е училиште со долга и богата традиција . Формирано е во далечната 1893 година. Денешното име го добило по првоборецот од овој крај Симче Настовски“, кој го дал својот живот во 1943 год. за слободата на Македонија на 18-годишна возраст.

Се наоѓа во тетовскиот регион во Општина Јегуновце. Училиштето е централно со пет подрачни училишта. Сместено е во пазувите на Шар Планина а над него високо се издига врвот Љуботен. Привилегија на училиштето е што работи во една здрава и чиста еколошка средина. Подрачјето е богато со шуми, пасишта, езерца и е развиено земјоделствоото, а индустријата стагнира.

Централното училиште се наоѓа во с.Вратница каде се образуваат и воспитуваат ученици од I-IX одд. на македонски наставен јазик. Од 1981 год. се воспитуваат и образуваа деца со лесни пречки во психичкиот развој кои беа сместени во училишниот интернат до неговот затворање во 2012 година. Во состав на училиштето работи Центар за поддршка на учењето на учениците со попреченост.

Во состав на училиштето влегуваат пет подрачни училишта во селата: Рогачево и Старо Село каде се изведува настава на македонски наставен јазик и Јажинце, Орашје и Долно Орашје каде се изведува настава на албански наставен јазик. Сите ПУ се петгодишни освен ПУ Јажинце кое е деветгодошно.

## 1.3. Специфики кои го карактеризираат основното училиште во однос на другите основни училишта

Во состав на училиштето работи Центар за поддршка на учењето на учениците со попреченост кој ќе работи со ученици од сите училишта на подрачјето на Општина Јегуновце.

Во реализацијата на наставните планови видлива е примената на активни методи, многубројни идејни решенија и стратегии, зголемената динамика и мотивацијата на учениците, како и јасно дефинираните очекувани исходи. Секогаш учениците се центар на нашето внимание.

Соработувавме со родителите, локалната средина, медиумите и други организации. Организираме многубројни хуманитарни акции развивајќи ја хуманоста кај нашите ученици во соработка со Црвениот Крст.

Учениците се запознаваат со сопствената, но и со другите етнички култури и традиции, и култури на други држави, ја развиваат сопствената креативност, учат за

демократија детски права и одговорности. Ја развиваат еколошката свест, стекнуваат едукативни знаења за органска храна. Сето тоа се реализира преку истражувачка активност во духот на пријателството и дружење. Училиштето учествува на општински, регионалните и државни натпревари Воспоставените критериуми и етички кодекси на оценувањето се применуваат по сите предмети и области на оценување. Наставниците континуирано следат обуки, вон и во училиштето продлабочувајќи ги и пренесувајќи ги сопствените знаења и искуства на стручните активи во училиштето.

Проекти кои се реализираат во училиштето:

- Спречување на човечкото самоуништивање на планетата Земја - истражувачки проект „Предизвик за млади истражувачи “-Фонд за иновации и технолошки развој
- Проектот за меѓуетничка интеграција на младите во образованието -НОВ КОНЦЕПТ ЗА ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ , кој го спроведува Македонскиот центар за граѓанско образование (МЦГО) во соработка со Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието , финансиран од Агенцијата за меѓународен развој на Соединетите Американски Држави (УСАИД) .
- Превенција од насилно однесување во основните училишта бо РСМ
- Училишта на 21 Век
- Критичко размислување за решавање проблеми и кодирање
- Проект Меѓуетничка интеграција во образованието.
- Интеграција на еколошкото образование во македонскиот образовен систем – интегрално планирање во наставата на ЕКО стандарди.

Институции со кои училиштето соработува од областа на образованието се: МОН, БРО, ДПИ, ДИЦ МТСП, МИОА , ООУ,,Александар Здравковски“ Јегуновце, ООУ „Шешово“ Шемшово, ООУ „Фаик Коница“ Доброште, ООУ „Кирил Пејчиновиќ“ Теарце , ООУ „Илинден“ Крива Паланка. Институции од областа на културата: локална библиотека „Светлина – Дрита“ ,Дом на култура – Тетово, Зоолошка градина, Природно-научен музеј,Музеј на Македонската борба, Изложбен центар ХЕЦ Матка .Соработува со локалната заедница: Општина Јегуновце, бизнис заедница (Лиотекс –Вратница; Погон –Вратница), месно население. Со невладини граѓански здруженија како „Отворете ги прозорците“, МЦГО, USAID,ОХО, ОБСЕ, Ресурсен центар – Скопје. Соработува и со здравствени организации: Здравствен дом – Тетово ПЗУ „Др. Златица“ – Вратница, Центар за социјални грижи, Фонд за здравство, Осигурителна компанија ЕУРОСИГ, Завод за ментално здравје. Сорабтка има и со медиуми: РТВ Кисс, ТВ Алфа и ТВ Коха.

## 2. Преглед на постоечките ресурси со кои располга основното училиште

2.1. Број на вработени и стручен профил (човечки ресурси) и стручна подготовка

| **Стручен профил** | **Број на извршители** | | **Стручна подготовка** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Наставенкадар | Одделенска настава | 16 | ВСС<br>14 | ВШС<br>2 | ССС | основно | | |
| | Предметна настава | 18 | ВСС<br>13 | ВШС<br>5 | | | | |
| Раководен кадар | 1 | | 1 | | | | | |
| Стручни соработници | 1 | | 1 | | | | | |
| Административни службеници | 1 | | | | 1 | | | |
| Помошен и технички кадар | 14 | | | | 7 | 7 | | |

2.2.Работен стаж на вработените

| **Работен стаж** | **Број на вработени наставници во одделенска настава** | **Број на вработени наставници во предметна настава** | **Број на вработени стручни соработници** | **Број на вработени админи-стративни службеници** | **Број на вработен технички персонал** | **Број на вработен раководен кадар** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| До 10 години | 3 | 3 | 1 | | 3 | |
| Од 10 до 20 години | 3 | 7 | | | 5 | |
| Од 20 до 30 години | 8 | 3 | | | 2 | |
| Повеќе од 30 години | 2 | 5 | | 1 | 4 | 1 |
| Вкупно | 16 | 18 | 1 | 1 | 14 | 1 |

## 2.2. Простор

| **Простор** | **Вкупен број** | **Површина ($m^2$)** | **Состојба (се оценува од 1 до 5, согласно Нормативот од 2019 година)** | **Забелешка (се наведува потребата од дополнителни простории, реконструкции и сл.)** |
|---|---|---|---|---|
| Училници | 28 | 1280 | 4 | Адаптација на училница во Центар за поддршка на учењето на учениците со попреченост (ЦУ Вратница) |
| Кабинети | 5 | 140 | 3 | |
| Библиотека | 1 | 40 | 3 | Кабинетот по информатика во ПУ Јажинце ќе се реконструира и ќе се направат 1 кабинет и 1 библиотека |
| Медиотека | 1 | 40 | 3 | |
| Спортска сала | | | | |
| Мала фискултурна | 1 | 50 | 2 | |
| Канцеларии | 9 | 176 | 4 | |
| Училишен двор | 3 | 8000 | 4 | |
| Интернат | 1 | 200 | 3 | |
| Кујна | 1 | 40 | 4 | |
| Трпезарија | 2 | 100 | 4 | |
| Санирни јазли | 14 | 100 | 3 | |

2.3. Опрема и наставни стедства согласно „Нормативот и стандарди за простор, опрема и наставни средства“

| **Наставен предмет (одделенска и предметна настава)** | **Постоечка опрема и наставни средства** | **Потребна опрема и наставни средства** |
|---|---|---|
| Македонски јазик | • Лектири од I-V одд.-1<br>• Картички со печатни и ракописни букви-1<br>• Слики изработени по приказни-1<br>• Лап топ-1<br>• Компјутер-10<br>• Лектири VI-IX (стари изданија)-1 | • Лектири од I-V одд.-6<br>• Лектири за III одд.(ново издание)-1<br>• Играчки за куклена претстава со нараквици-1<br>• Комплет сликовници за I одд.-3<br>• Букварки-3<br>• Едукативна игра по македонски-2<br>• Азбука латиница-2<br>• Азбука кирилица-2<br>• Лап топ-1<br>• Бела хартија-1<br>• Хартија во боја-1<br>• Табли од пресуван стиропор за уредување на катчињата во училница-6<br>• Картички со латинични букви-1<br>• Лап топ-1<br>• LCD Проектор-1<br>• Лектири VI-IX (нови изданија)-1 |
| Математика | • Дрвен линиар-1<br>• Ваги-5<br>• Часовник-3<br>• Геометриски тела-2<br>• Дропки-1<br>• Магнетна табла и плочки-1<br>• Картички/броеви-1<br>• 2D форми-1<br>• 3D форми-1<br>• Компас-1<br>• Триаголник-3<br>• Магнетни плочки-1 | • Комплет мерни инструменти за течност (цензури во различни мерни единици)-10,<br>• Комплет пластифицирани картички со броеви до 1 000 000-4<br>• Абакус-4<br>• Комплети геометриски плочки-фигури-5<br>• Комплети метро коцки за поврзување, стотки, десетки и единици за прикачување-4<br>• Логички плочки-1 |

| | | |
|---|---|---|
| | • Шестар-3<br>• Агломер-2<br>• Пакет геометриски тела-1<br>• Кембриџ пакет-1<br>• Комплет монтажни парчиња за<br><br>геометриски фигури-1<br>• Комплет парчиња за множење и одземање-11<br>• Комплет пластични дропки(оштетени)-1 | • Математички семафор-1<br>• Магнетна табла-1<br><br>• Постери со броеви од 10 до 100-1<br>• Линијар-2<br><br>• Вага-1<br>• Бројалки-2<br>• Креди во боја-1<br>• Модели на дропки-4<br>• Термометар-7<br>• Метро-10<br>• Калкулатори-15<br>• Броенка голема-1<br>• Постер на табела броеви до 100-4<br>• Постер на Паскалова пирамида-4<br>• Постер на координативен систем-4<br>• Кембриџ пакет (за вишите одд.VII-IX на албански јазик)-3<br>• Комплет дропки палстични-2 |
| Општество | Глобус-1 | • Карта на РСМ-6<br>• Сет од сообраќајни знаци-3<br>• Сет сообраќајни средства-3<br>• Карта на свет-1<br>• Карта на Европа-1<br>• Постери со слики соодветни на материјалот-2<br>• Енциклопедии-1<br>• Знаме на РСМ-1 |
| Природни науки | • Слики-1<br>• CD материјал за наставната програма-1<br>• Инка-1 | - Струјно коло-10<br>- Постери со скелет и мускули-5<br>- Скелет на човек-1<br>- Магнети-10<br>- Фонометри-4<br>- Инка-3<br>- Цедалка-3<br>- Глобус-3<br>- Макети на сончев систем/планети-1 |

| | | |
|---|---|---|
| | | - Динамометар-1<br>- Микроскоп-1<br>- Лупа-1<br>- Ножици-3<br>- Хамер-5<br>- Пластелин-3 |
| Техничко образование | - Пано со крстосница-1 | - Сообраќајни знаци-3 |
| Физичко и здравствено образование | - Чунови, душек<br>- Топка-1<br>- Јаже-2<br>- Обрачи-1 | - Обрачи-9<br>- Комплети топки (за фудбал, кошарка, одбојка, ракомет)-8<br>- Чуњеви -5<br>- Јажиња за влечење-<br>- Јажиња за скокање-<br>- Опрема за пинг понг-<br>- Душек-3 |
| Музичко образование | - Касетофон-2 | - Комплет детски инструменти (триангл, дајре, мелодика, ксилофон, флејти)-5<br>- Синтисајзер-2<br>- CD со детски песнички-2<br>- Постери со музички инструменти-1<br>- Мандолина-2<br>- Тарабука-2<br>- Касетофон-1<br>- Лап топ-1<br>- Звучници-1<br>- Пијанино-1<br>- Блок флејти-1 |
| Работа со компјутери и основи на програмирање | - Лап топ (со стар програм)-8<br>- Глувчиња-2<br>- Полначи-2 | - Лап топ-25<br>- Глувчиња-4<br>- Полначи-4<br>- Смарт табла-1<br>- Разглас |
| Ликовно образование | | - Хамери во боја(жолта,сина,зелена и црвена)-5<br><br>- Хартија во боја (од секоја боја)-по 20 |

| | | |
|---|---|---|
| | | - Колаж хартија-5<br>- Лепак-4 |
| Албански јазик | - Лектири од VI-IX (стари изданија)-1 | - Лектири од I-V одд.-3<br>- Бела хартија-1<br>- Хартија во боја-1<br>- Лектири од VI-IX (нови изданија)-1<br>- Лап топ-1<br>- LCD проектор-1 |
| Англиски јазик | - Касетофон-1<br>- Флеш карти-1<br>- Постери-1 | - Лап топ-1<br>- LCD проектор-1<br>- Компјутери со звучници и слушалки-5 |
| Германски јазик | - Лап топ-1<br>- Компјутер-10 | - Лап топ-1<br>- LCD проектор-1<br>- Касетофон-1<br>- CD за Messages 3-1<br>- CD за Messages 2-1<br>- CD за Messages 1-1 |
| Француски јазик | | - Лап топ-1<br>- Касетофон-1<br>- Хамери-5<br>- Хартија во боја-20 |
| Историја | - Историски карти-1 | - Лап топ-1<br>- LCD проектор-1 |

| | | |
|---|---|---|
| Географија | - Географски карти-1 | - Лап топ-1<br>- LCD проектор-1 |
| Хемија | - Слики-1<br>- Периоден систем-1<br>- Епрувети-2<br>- Хемикалии-1<br>- Хлороводородна киселина-1 | - Лабораторија-1<br>- Опрема-1<br>- Киселини HNO3-1<br>- Киселини H2SO4-1<br>- Хидроксиди CaOH-1<br>- Метали Zn,Al,Mg,K 1<br>- |
| Биологија | - Слики/органи-1<br>- Модели на органи-1<br>- Епрувети-1<br>- Држач за епрувети-1 | - Компјутер-1<br>- Електронски микроскоп-1<br>- Хамери бели-5<br>- Хамери во боја-5<br>- Мала плинска боца за лабораторија-1<br>- Динамометар-1 |
| Физика | - Магнети-1<br>- Струјно коло-1<br>- Амперметар-1<br>- Волтметар-1 | - Осцилоскоп-1<br>- Електростатика на тело (ебонит, поливинил и стакло)<br>- Кондензатори-1<br>- Оптичка призма-1 |
| Центар за поддрш-ка на учењето на учениците со поп-реченост | - Букварка-1<br>- Сложувалка-1<br>- Слики-1<br>- Сликовници-1<br>- Детска литература-1<br>- Апликации-1<br>- Боцкалки-1<br>- Коцки-1<br>- Топчиња за нижење-1<br>- Копчиња-1<br>- Боенки-1<br>- Логички, геометриски тела-1<br>- Стапчиња-1<br>- Часовник-1<br>- Дрвен линеар-1<br>- Конструкторски сетови-1<br>- Детски играчки-1<br>- Обрач-1 | - Пластифицирани картички букви пиши бриши-1<br>- Дефектолошки сет-1<br>- Голоемо огледало-1<br>- Сложувалки со различни тематики-1<br>- Пластифицирани картички со броеви<br>- Разни конструкторски сетови-1<br>- CD со детски паснички-1<br>- Детски музички инструменти (триангл, дајре)-1<br>- Пилатес топка-1<br>- Топка-1<br>- Душек-1<br>- Лап топ-1 |

| | | |
|---|---|---|
| | - Топка-1<br>- Сет за куглање-1<br>- Пикадо-1<br>- Јажиња-1<br>- Стаза со крстосница-1<br>- Сообраќајни знаци-1<br>- CD плеер-1<br>- Асистивни уреди-1<br>- Животни и птици-1<br>- Макети-1<br>- Плакати-1<br>- Песочник-1 | |
| Информатика | - Сервери (нефункционални)-3<br>- Монитори со глувче и тастатура-50<br>- Проектор-1<br>- Микро бит со батерии и врзувачки кабли-10<br>- Смарт табла-1<br>- Фотоапарат со мемориска картичка од 4 GB-1 | - Сервери со оперативен систем Windows-5<br>- Проектор (фиксен за во училница)-4<br>- Лап топ со оперативен систем Windows-6<br>- Крокодилки со кабли за микро бит-20<br>- Мотори мали за микро бит-5<br>- Мали монтажни роботи што се кодираат-3<br>- Камера голема за снимање на часови со држач со нозе-1<br>- Звучници мали-5<br>- Слушалки со микрофони-10 |

## 2.5.Материјално-финансиско работење на училиштето

Материјално-финансиско работење на училиштето се искажува преку две сметки со кои располага училиштето и тоа:

- 903 општинска сметка -блок дотации
- 787 сопствени приходи-самофинансирачки активности

Средствата од наведените сметки се користат наменски според одобрен план, за финансирање од страна на основачот –Општина Јегуновце кој се доставува во тековната година за наредната година.

Предлог -финансовиот план за 2021 година за двете сметки го разгледува Ушилишниот одбор и истиот го предлага во октомври 2020 година, а го усвојува Советот на Општината.

Извештајот за завршните сметки ги разгледува Училишниот одбор во февруари 2021 година за 2020 година и училиштето ги доставува до надлежните институции .

Средствата од сопствените приходи се користат за подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на целокупните ислови за работа на училиштето.

# 3. Подрачје на работа на основното училиште-наставен план, проширена програма и друга воспитно-образовна работа

| Подрачје на работа за кое училиштето е верификувано | Наставен план и програми | Основано од Околиски одбор на Тетовска околија – Тетово | Година на верификација | Сегашен број на паралелки |
|---|---|---|---|---|
| Основно образование (општо образование) | Национална програма | акт бр.16-6983/2 | 15.01.1985 г. | 24 |

Задолжително деветгодишно основно образование се воведе во Македонија во 2007 година, во согласност со Концепцијата за деветгодишно основно воспитание и образование. Законот за основно образование гарантира бесплатна достапност на ова ниво на образование за сите деца на возраст од 6 до 14 години. Реформите на наставните планови и програми беа започнати истовремено со продолжувањето на

времетраењето на основното образование. Наставните програми опфаќаат развојни цели за циклусите во основното образование, општи цели за секое одделение и конкретни цели за секоја тема или програма. Покрај тоа, воведени се и повеќе нови предмети: англиски јазик од I одделение како задолжителен предмет; втор странски јазик од VI одделение како задолжителен предмет; иновации во IX одделение како задолжителен предмет; работа со компјутер и основи во програмирањето како задолжителен предмет во III и IV одделение; творештво и во IV и V оделение како изборен предмет; информатика во VI и VII одделение како задолжителен предмет и во VIII и IX како изборен предмет; етика на религиите, запознавање на религиите, класична култура во Европската цивилизација во VI одделение; други изборни предмети: нашата татковина, воспитание за околината, истражување за родниот крај, танци и народни ора, проекти од музичката уметност, проекти од ликовната уметност, техничко образование, проекти од инорматиката, изборен спорт, унапредување на здравјето, вештини за живеење и програмирање. Освен тоа беше изготвена програма за образование за животни вештини, како и прирачник што е предвидено да се реализира на часот на одделенската заедница од II до IX одделение.

Од учебната 2014/2015 година беше воведена прилагодена верзија на Наставните предмети според Меѓународниот центар за испитни програми од Кембриџ, Велика Британија за математика и природни науки од I до VI одделение и математика и предметите од природните науку физика, хемија и биологија од VII до IX одделение. Учебниците за соодветните програми беа одобрени во согласност со Концепцијата за изработка на учебник и Методологијата за вреднување на учебник.

Со новите измени во образовниот систем во Р. Македонија изготвен е стратешки документ Стратегија за образованието 2018/2025.

Од учебната 2019/2020 година беше воведена реализација на тандем настава по физичко и здравствено образование во прво одделение од одделенски наставник и предметен наставник по физичко и здравствено образование.

Училиштето активно организира и реализира воннаставни активности како: организирање на секции, клубови, екскурзии, натпревари, други активности кои училиштето ги реализира надвор од наставната програма, како и активности на ученичката организација.

ПРЕГЛЕД

На учениците во централното и подрачните училишта

за време на изработка на развојната програма

| Одд. | ЦУ Вратница | | ПУ Рогачево | | ПУ Старо Село | | ПУ Јажинце | | ПУ Орашје | | ПУ Долно Орашје | | **Вкупно** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | се | ж | се | ж | се | ж | се | ж | се | ж | се | ж | се | ж |
| I | 1 | 0 | 1 | 1 | 2 | 0 | 11 | 6 | 8 | 5 | 2 | 1 | 25 | 13 |
| II | 5 | 2 | 1 | 0 | 0 | 0 | 14 | 8 | 4 | 2 | 2 | 2 | 26 | 14 |
| III | 6 | 2 | 4 | 2 | 5 | 2 | 12 | 5 | 4 | 2 | 2 | 1 | 33 | 14 |
| IV | 2 | 1 | 2 | 1 | 2 | 1 | 7 | 3 | 5 | 3 | 1 | 0 | 19 | 9 |
| V | 4 | 4 | 3 | 2 | 4 | 1 | 17 | 7 | 5 | 3 | 1 | 1 | 34 | 18 |
| **I-V** | **18** | **9** | **11** | **6** | **13** | **4** | **61** | **29** | **26** | **15** | **8** | **5** | **137** | **68** |
| VI | 4 | 2 | | | | | 16 | 9 | | | | | 20 | 11 |
| VII | 6 | 3 | | | | | 13 | 7 | | | | | 19 | 10 |
| VIII | 5 | 2 | | | | | 12 | 6 | | | | | 17 | 8 |
| IX | 10 | 7 | | | | | 13 | 8 | | | | | 23 | 15 |
| **VI-IX** | **25** | **14** | | | | | **54** | **30** | | | | | **79** | **44** |
| **I-IX** | **43** | **23** | **11** | **6** | **13** | **4** | **115** | **59** | **26** | **15** | **8** | **5** | **216** | **112** |

ПРЕГЛЕД

На број на ученици во последните 4 години

| Учебна година | Вкупно ученици | Број на паралелки |
|---|---|---|
| 2016/2017 | 245 | 24 |
| 2017/2018 | 239 | 24 |
| 2018/2019 | 231 | 24 |
| 2019/2020 | 221 | 24 |

## 4. Евалуација на работата на основното училиште во претходните четири години

### 4.1. Самоевалуаија на основното училиште (2018-2020 година)

| Подрачје | Резултати |
|---|---|
| Организација и реализација на наставата и учењето | - Наставата се организира и реализира согласно наставните планови и програми.<br>- Наставниците изготвуваат тематско процесно планирање и годишни планирања кои ги содржат сите неопходни елементи за успешна реализација на часот.<br>- Наставниците работат тимски и разменуваат меѓусебни искуства во однос на наставните програми.<br>- Директорот и стручниот соработник континуирано ги следи планирањата на наставниците според утврдени процедури за поддршка и следење на планирањата и истите се со добар квалитет.<br>- Во процесот на поучување и учење се користат различни методи на интеракција со учениците.<br>- Во училиштето се спроведува интегрирана настава.<br>- Наставниот кадар и стручниот соработник систематски ги препознаваат образовните потреби и пречките во процесот на учење на секој ученик.<br>- Психологот и дефектологот континуирано даваат поддршка на наставниците и учениците со ПОП.<br>- Оценувањето е редовно, праведно, добро организирано и транспарентно.<br>- Училиштето успешно го спроведува проектот за МИО со активности во редовната настава и воннаставните активности на ниво на училиште и активности со четири партнер училишта.<br>-Училиштето обезбедува еднаквост за сите ученици.<br>- Претставување и афирмирање на училиштето преку медиумите, веб-страницата и страницата на фејсбук за различни училишни активности како и на меѓународно ниво преку присуство на обуки на Еразмус + Програмата.<br>- Квалитетот на дневните планирања се подобрува.<br>- Редовно водење на педагошка евиденција и документација по електронски пат (Е-дневник).<br><br>***Приоритети:***<br>- Поттикнување на наставниците да покренуваат иницијатива за изменување и дополнување на наставните планови и програми.<br>- Доопремување на централното училиште и подрачните училишта со нагледни средства и помагала<br>- За одржување на on- line настава потребни се компјутерчиња и лап топи за ЦОУ и ПУ. |

| | |
|---|---|
| Постигања на учениците | • Континуирано следење на постигнувањата на учениците и преземање активности за нивно подобрување;<br><br>• Развиена свест за константно подобрување на постигнувањата;<br><br>• Постоењето на системот за идентификација на ученици со тешкотии во учењето, ученици со посебни образовни потреби и надарени ученици;<br><br>• Тенденцијата да се соработува со учениците кои имаат потреба од дополнителни часови;<br><br>• Следењето на постигнувањата на учениците при премин од еден циклус во друг циклус на образование<br><br>Комуникацијата со локалната заедница;<br><br>• Следењето и анализирањето на редовноста на учениците;<br><br>• Анализирањето на мотивите за напуштање на образованието и соработката со надлежните институции;<br><br>• Надминување на појавата за повторување на годината од страна на учениците преку заедничка соработка со наставниот кадар во училиштето;<br><br>**Приоритети:**<br><br>• Дефинирање, изградба и реализација на конкретна стратегија за подобрување на постигнувањата на учениците, со задолжување на посебен тим во училиштето кој ќе ја следи и анализира проблематиката;<br><br>• Подобрување на редовноста во наставата со изградба на систем за мотивација на редовните ученици во наставниот процес и поажурно водење на педагошката евиденција поврзана со регулирање на отсуствата на учениците.<br><br>• Вклучување на родителите во подобрувањето на постигнувањето на учениците во целиот воспитно-образовен процес.<br><br>• Подобрување на координација помеѓу вработените за подобрување на постигнувањата на учениците при преминот од еден циклус во друг. |
| Професиона-лен развој на наставниците, стручните | - Вработените на нашето училиште се отворени за стекнување на нови знаења и соработуваат меѓусебно.<br>- Во нашето училиште се одржуваат интерни и екстерни обуки. Обуките во рамките на British Council „Училишта на 21 век“ во која учествуваа 6 |

| | |
|---|---|
| соработници, воспитувачите и на раковод-ниот кадар | наставници и истата е дисеминирана. Обуки од меѓународен карактер ЕРАЗМУС+ во кои учествуваа наставници и директорот на училиштето во Брарселона-Шпанија- на тема ,, Паметни европски училишта“, како и во Турција – Истанбул. Самостојни Online обуки организирани од European SchoolNet Academy во соработка со Еразмус+ и обуки организирани од БРО.<br>- Нашето училиште постојано аплицира во проекти од кои добива надгледни средства<br>-Нашето училиште постојано аплицира и реализира мултиетнички проекти со партнер-училиштата, а наставниците се подготвени за соработка.<br>-Нашето училиште има тим кој го следи професионалниот развој на наставниците и другите работници. Во Годишната програма на училиштето е планирано точно кои мерки да се преземат за професионалниот развој на вработените. Во тие мерки спаѓаат: интерни обуки(мини семинари/ работилници), дисеминации од обуки, отворени и нагледни часови, екстерни обуки од БРО и проекти.<br>-Присуство на проекти и професионално усовршување на наставниците и раководниот орган надвор од нашава држава од меѓународен карактер.<br><br>***Приоритети:***<br><br>-Снабдување на училиштето со ИКТ нова опрема(лаптопи, проектори, смарт табли и Оперативен Систем Windows)<br><br>-Да се организираат обуки за ИКТ во наставата, On-line настава и други обуки<br><br>- Доопремување со стручна литература и прирачници со нови методи и техники за работа<br><br>- Вклучувње на предметните наставници на обуки и семинари за нивниот наставен предмет<br><br>- Доопремување на ПУ со наставни средства и помагала. |

| | |
|---|---|
| Управување и раководење | • Раководните структури имаат јасно поставени цели и план за нивна реализација.<br>• Раководниот тим ја поттикнува тимската работа, ги поддржува и поттикнува вклучувањата и учеството во проекти и организира соработката во реализирањето на програмите.<br>• Училиштето овозможува стручно усовршување на наставниот кадар, стручната служба и на вработените.<br>• УО редовно ги одржува седниците и има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и со другите училишни структури.<br>• Раководниот орган воспоставува партнерства и соработка со непосредната и пошироката заедница.<br>• Целите на училиштето се во согласност со државната и локалната образовна политика и се засноваат врз Законот за основно образование, Статутот на училиштето и Развојниот план на училиштето.<br>• Училиштето има донесено повеќе интерни правилници со кои се регулира однесувањето на учениците, нивното наградување и изрекување педагошки мерки, правилник за формата и содржината на педагошката документација и евиденција во училиштето, како и начинот на нивно водење.<br>• Постапката за креирање на училишната политика е преку давање предлози и учество на наставниците во различни тимови.<br>• Училиштето ги зема предвид мислењата на родителите и учениците.<br>• Беспрекорна меѓусебна соработка меѓу Директорот на училиштето, Претседателот и членовите на УО.<br>• Континуирана соработка со: Општина Јегуновце, БРО, МОН, ДПИ, ДИЦ, Локална самоуправа.<br>• Високо продуктивна соработка со Заводот за ментално здравје на деца и младинци на град Скопје, Центарот за социјални грижи, Црвен крст, невладини организации, бизнис-сектори, полиција, амбуланта и училишта со кои има потпишано меморандум за соработка.<br>• Постои развојно планирање во училиштето со јасно прецизирани теми.<br>• Во креирањето на училишната Годишна програма и Програмата за развој на училиштето се вклучени наставниот и стручниот кадар, директорот, Училишниот одбор, учениците и Советот на родителите.<br><br>***Пиоритети:***<br><br>Изработка на проекти и аплицирање до донатори за подобрување на состојбата со материјално-техничките средства (информатичко- технолошка и мултимедијална опрема)<br>• Подобрување на стратегиите за мотивирање на локалната бизнис заедница и родителите во обезбедување донации и спонзорства за подобрување на инфраструктурата во училиштето.<br>• Зголемување на бројот на обуки за професионалниот развој на воспитно-образовниот кадар за онлајн настава- учење со учениците |

| | |
|---|---|
| Комуникации и односи со јавноста | - Училиштето има  солидна и континуирана соработка со МОН, ДПИ, БРО, локална самоуправа<br><br>- Комуникацијата на ниво на училиште е на високо ниво<br><br>- Соработката е на високо ниво меѓу наставниците и учениците, а најмногу со одделенските раководители<br><br>- Помеѓу учениците постои соработка било да се од иста или различна етничка припадност или да се ученици од различни училишта.<br><br>- Соработката со родителите е на високо ниво<br><br>- На високо ниво е соработката со локалната самоуправа, со граѓански здруженија, бизнис-сектор, со други образовни институции во   РС Македонија и со донатори.<br><br>***Приоритети:***<br><br>- Подобрување на комуникацијата меѓу наставниците, учениците и нивните родители преку поголема употреба на креираните профили на социјалните мрежи, форуми и дискусиони групи.<br><br>- Креирање на електронска (on-line) колаборативна платформа со прашања и предлози |

| | |
|---|---|
| Училишна клима и култура | • Наставниците сметаат дека училиштето е безбедно и сигурно.<br><br>• Според наставниците во училиштето постои јасно определен систем на права и одговорности и тој им е јасен на сите вработени како и учениците<br><br>• Се почитува дежурството од страна на наставниците.<br><br>• Во училиштето постои систем за поддршка на учениците кои имаат потешкотии.<br><br>• Соработката меѓу наставниците при решавање на образовните потреби на учениците е добра.<br><br>• Според родителите, вработените во училиштето се ангажирани околу однесувањето и безбедноста на учениците при нивното доаѓање, за време на одморите и при нивното заминување од училиште.<br><br>• Родителите се запознаени со куќниот ред и Правилникот за однесување во училиштето.<br><br>• Во училиштето нивното дете не е малтретирано и вознемирувано<br><br>• Учениците ги знаат своите права и обврски во училиштето.<br><br>• Според нив постои соработка меѓу наставниците и учениците.<br><br>• Учениците се чуствуваат пријатно и безбедно во училиштето и во училишниот двор.<br><br>***Приоритети:***<br><br>• Стручната служба да организира работилници со учениците, наставниците и заедно наставници и ученици.<br><br>• Да се одржуваат повеќе состаноци на Ученичката заедница на ниво на паралелки како и да се одржат работилници на Одделенски час поврзани со довербата на учениците, решавање на проблеми, како да се побара помош и сл.<br><br>• Повеќе воннаставни активности каде учениците се во порелаксирачка средина со наставниците. |

| | |
|---|---|
| Соработка со родителите и со локалната заедница | • Работната атмосфера и добрата соработка меѓу стручниот соработник, директорот , наставниците и другите вработени во училиштето овозможуваат позитивна клима во училиштето.<br><br>• Училиштето има веб-страница и страна на ФБ.<br><br>• Училиштето секогаш е отворено за соработка со родителите и има воспоставено партнерски однос.<br><br>• Наставниците организираат приемни денови за иднивидуални разговори со родителите на учениците,кои се истакнати на огласна табла во ходникот на училиштето.<br><br>• Училиштето има одлична соработка со локалната самоуправа и воспитно – образовните установи, институции од областа на културата, претпријатијата и други органи и организации.<br><br>***Приоритети:***<br><br>- Вклучување на родителите во организација и реализација на разни манифестации и јавни настапи по разни поводи .<br><br>-Зголемување на процентот на користење на е-днивникот од страна на родителите со цел добивање навремени информации за нивните деца |

## 4.2. Интегрална евалуација на основното училиште

| Подрачје | Согледувања |
|---|---|
| 1. Наставни планови и програми | Училиштето реализира наставни планови и програми донесени од страна на МОН и БРО. Реализира наставните планови и програми за деветгодишно основно образование и истите се реализираат во пропишаниот обем и обезбедуваат постигања на целите од Коцепциите за основно образование.<br>Содржините на сите наставни програми овозможуваат постигања на целите на меѓуетничка интеграција во образованието и ги вклучуваат точките на акциите од воспоставените еколошки стандарди за одржлив развој и еколошки теми.<br>Наставниците ги прилагодуваат наставните програми и содржини за потребите на локалната средина преку одбележување на значајни датуми, прослаци, организирање на донации, изработка на храна од органско потекло, Велигденски и Новогодишен панаѓур, забави по повод Денот на хендикепирани лица.<br>Во училиштето постои соработка помеѓу активите од сродните предмети.<br>Изборните предмети се изучуваат според желбата и потребата на учениците . Се врши анкетирање на учениците за изборните предмети. Училиштето нуди и проширена програма за ученици од од I – III одделение, односно прифаќање на учениците од страна на одделенските наставници еден час пред наставата и еден час по завршување на истата во согласност со потребите на родителите. Постепено се настојува да се воведат нови форми на реализација на наставата.<br>Постои соработка помеѓу активите во училиштето за подготвување на глобалните, тематските и оперативниот план за часот, со цел за поквалитетно планирање и задоволување на потребите на учениците и барањата на Законот за основно образование и Концепцијата за деветгодишно основно воспитание и образование.<br>Училиштето ретко покренува иницијатива за изменување и дополнување на наставните планови и програми.<br>Училиштето планира и ги реализира планираните воннаставни активности што служат за поддршка на личниот и социјалниот развој на учениците. Преку овие активности учениците имаат можност за одговорно прифаќање на разликите на другите, полот, способноста и социјалната припадност.<br>Планирани се и се реализираат културно-уметнички активности.<br>Се реализираат еколошки проекти и проекти од мултиетничка соработка.<br>Учениците учествуваат на манифестации и натпревари.<br>- |

| | |
|---|---|
| 2. Постигнувања на учениците | Постигањата на учениците се добри и истите се следат во континуитет, и се изготвуваат анализи во класификациони периоди, по наставни предмети, според пол, етничката и социјалната припадност.Се подготвуваат и анализи за постигањата на учениците во посебните паралелки.Редовно се изготвуваат полугодишни и годишни извештаи. Од анализите се констатира дека средниот успех на крајот на учебната година е поголем од крајот на првото полугодие.<br>Од анализата може да се заклучи дека  средниот успех последните три години се зголемува.<br>Училиштето ги идентификува учениците кои имаат потешкотии во учењето. Постигањата на овие ученици се следат од страна на наставниците и стручниот соработник. Се превземаат соодветни активности спрема нивните потреби и можности во текот на наставата.<br>Во училиштето се реализира дополнителна и додатна настава по сите предмети за учениците кои  покажуваат послаби резултати односно поголем интерес. Се следат ученичките постигнувања и разликите кои се појавуваат во секоја учебна година при премин од одделенска во предметна настава и за појавените разлики се откриваат причините и се превземаат соодветни активности, со цел на постигнување на подобри резултати.<br>Училиштето располага со податоци за учениците кои ги опфаќа нивниот реон и превзема конкретни активности за да ги опфати сите ученици од реонот.<br>Се следи осипувањето на учениицsmåите поради промена на местото на живеење, одење во странство и намален наталитет. Се прибира податоци за отсуства на учениците и се превземаат активности за намалување на изостаноците.<br>Во последните три години сите ученици кои се запишани ја завршуваат наставната година се запишуваат во средно образование.<br>Училиштето ја почитува постапката за премин на учениците од едно училиште во друго.<br>Стручниот соработник редовно врши советување на родители.<br>Нема ученици кои ја повториле годината. Училиштето има утврдени процедури  преку дополнителна настава и други активности  за подобри постигања на учениците.<br>Училиштето ги запознава учениците за правото и поднесување на приговор доколку има незадоволство од постигнатиот успех. |

| | |
|---|---|
| 3.Учење и настава | Во училиштето има пропишани приоди и утврдени процедури за поддршка и следење на наставата од страна на директорот и стручниот соработник. Училиштето обезбедува поддршка на наставниците за вградување на целите од интегрирано образование и еколошките содржини во планирањето на наставниците. Поголемиот дел од насравниците ја планираат редовно додатна, дополнителна настава , вонннаставни активности , годишни, тематски планирања и подготовка на наставен час. Распоредот на часовите е направен според просторните и кадровските можности на училиштети за редовна настава, додатна,дополнителна настава и други активности.<br><br>Голем број од наставниците користат разновидни форми и методи. Поголем број се обучени за употреба на ИКТ. Поголемиот дел од домашните задачи се поврзани со работата на учениците за време на часовите. Наставниците ги запознаваат учениците со целите на учењето и се однесуваат кон учениците на начин кој промовира взаемно почитување, помош,соработка и разбирање. Интерактивното реализирање на наставата се застапени кај поголем број наставници .<br><br>Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна, инклузивна и мотивирачка средина.<br><br>Идентификувањето на образовните потреби на учениците задоволува.Поголем број од наставниците користат различни ресурси и приоди за учење и предавање и организираат додатна и дополнителна настава.<br><br>Училиштето ги применува позитивните законски прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Учениците се запознаени со критериумите за оценување, истата состојба е и со родителите. Помал дел од наставниците недоволно ги користат информациите добиени од оценувањето за да го евалуираат и подобрат планирањето и спроведувањето на наставата. Стручниот соработник по потреба организира работилници во врска со оценувањето.<br><br>Известувањето за напредокот е добро. Родителите се информирани како да комуницираат со учениците во однос на напредокот на нивните деца. Родителите добиваат пишани извештаи со оценки на евидентни листови. Од родителите се бара да дадат повратна информација по извештајот. Во училиштето редовно се води е-дневник од страна на наставниците. Родителите добиваат известување за нивните деца и преку е-дневник. |

| | |
|---|---|
| 4.Поддршка на учениците | Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедноста на учениците во текот на наставата и надвор од неа. Постојат дежурства од наставниот кадар а нема физичко обезбедување. Во случај на елементарни непогоди училиштето има интерен акт за постапување а исто така има изведено симулација за постапување при елементарни непогоди, земјотрес и пожар.<br><br>Спортските терени доволно се искористени за спортски активности на учениците. Условите за изведување настава се добри. Објектите во кои се изведува настава не се осигурани со осигурителна полиса. Има обучен кадар со вештини за давање прва помош на учениците при несречни случаи. Забрането е пушење и има поставено знаци за предупредување на соодветни места и забраната насекаде се почитува.<br><br>Во училиштето нема организирана исхрана.<br><br>Во училиштето се идентификувани ученици со посебни образовни потреби кои наставата ја следат во редовна настава и во посебната паралелка. Има пристапна рампа само во подрачните училишта во с.Горно Орашје и с.Долно Орашје, Има вкупно 8 ПП апарати, 2 хидранти во сЈажинце, 2 хидранти во централното училиште. Училиштето нема посебни тоалети, лифт и држачи за ученици со телесни пречки.<br><br>Хигиената во училишните објекти како и другите надворешни површини е добра. Има дооговорени процедури за грижа на учениците кои подолго време отсуствуваат од наставата. Во училиштето се врш редовни систематски прегледи за учениците. За вработените се организирани систематски здравствени прегледи. Оваа година е извршена дезинфекција, деретизација и дезинсекција на училишниот простор.<br><br>Информациите за понатамошно образование учениците ги добиваат од наставниот кадар, преку одделенскиот раководител а на одделенскиот час се обработуваат теми за професионална ориентација. Стручната служба учениците од девето одделение ги испитува способностите на учениците со батерија тестови им се испитуваат професионалните интереси. Има пропишани процедури за навремено откривање на ученици со емоционални потешкотии.<br><br>Наставниците водат евиденција за напредокот односно успехот, редовноста и поведението на секој ученик во пропишана соодветна педагошка евиденција и документација. |

| | |
|---|---|
| 5.Клима во училиштето | Училишната клима и односите во училиштето е добра. Односите меѓу учениците е на задоволително ниво и се базира на взаемно почитување и помагање, почитување межу учениците од ист и од различен пол, од различно потекло и од различен социјален статус. Релацијата наставник-ученик, ученик наставник, наставник-родител, родител наставник и наставник-наставник , се почитуваат иако во инцидентни случаи се забележува отстапување од ваквото однесување. За подобрување на климата како стратегии се предвидени организирање на еднодневни научни и рекреативни екскурзии, натпревари со учениците, спортски натпревари.<br><br>Од страна на стручната служба се идентификувани ученици кои потешко напредуваат при усвојување на знаењата и за овие ученици и ученици со асоцијално однесување стручната служба поведува постапка за советување на родителите. Училиштето има формирано инклузивен тим.<br>Во училиштето немало некои забележителни проблеми кои не можат да се надминат во однос на редовноста, дисциплината и поведението на учениците. Училиштето има формирано ученичка заедница но таа малку придонесува за решавање на проблемите и донесување на одлуки што се од непосреден интерес за учениците.<br>Училиштето е отворено за соработка со локалната власт, со родителите, постои соработка меѓу вработените, учениците и другите инволвирани во воспитно-образовниот процес.<br><br>На постигањата на учениците се посветува внимание. На наставнички, одделенски совет, стручни активи, родителски средби и патрониот празник се промовираат личните постигања на учениците. Постигањата на учениците односно добиените пофалби и награди се поставени на видно место .<br><br>Вработените во училиштето се запознаени со правата на децата и можат да препознаваат случаи на нивно нарушување. Училиштето ги запознава учениците со нивните права и се залага да обезбеди еднакви услови за учење и за реализација на воспитно-образовниот процес. Училиштето има еднаков третман кон сите ученици.<br><br>Соработката на училиштето со родителите и локалната заедница е добра. Родителите учествуваат во работата на училиштето преку Совет на родители, Училишен одбор, собирни акции и работилници. |

| | |
|---|---|
| 6.Ресурси | Училишниот простор во училишните објекти ги исполнува условите за изведување на настава, со добри просторни услови.<br><br>Училиштето ги утврдува потребите за наставни средства, материјали и помагала преку консултација со стручните активи. Училиштето ги обновува наставните средства, но голем дел од нив се застарени. Снабденоста на училиштето со наставни средства е добра. Наставниците имаат пристап до наставните средства, но поради бројот на подрачни училишта и бројот на наставните средства и помагала треба да се зголеми.<br>Книжниот фонд е сместен во библиотека и тој изнесува 5437 парчиња изданија и стручна литература. Библиотечната евиденција се води во инвентарна книга, отсуствува електронска евиденција. Набавката на потроѓен материјал се врши со тешкотии, средствата за набавка се определени со финансиски план и набавките на потрошен материјал се вршат неконтинуирано.<br><br>Наставниот процес го реализираат 34 наставника. Во раководниот тим покрај директорот има стручен соработник психолог. Во случај на пократко или подолго отсаство на наставниот кадар училиштето има механизми за брза и соодветна замена.Не е констатирана родова или друга дискриминација при избоорот на наставниот кадар. Во училиштето има двајца наставници кои се со специјализирано училиште за деца со посебни потреби. Училиштето има стручна служба која им помага на наставниците во организација на наставата, следење на напредокот на учениците, справување со проблемите и давање на соодветна помош на учениците.<br><br>Стручната служба и директорот вршат посета на часови.но недоволно често. Психологот има изготвено програма за професионален развој на наставниот кадар и дава поддршка и ја анализира нивната работа.Наставниците се вклучени во семинари и обуки кои се организирани од БРО. Работата на наставниците приправници ја следи директор и стручна служба.<br><br>Постапките за финансиско работење што ги спроведува училиштето се во согласност со законските норми. Училиштето секоја година донесува финансиски план, план за јавни набавки и поднесува извештај за финансиското работење пред Училишниот одбор. Планирањето и троѓењето на финансиските средства е транспарентно. |

| | |
|---|---|
| 7.Раководење, управување и креирање политики | Управувањето и раководењето на училиштето е добро. Функционирањето на училишниот одбор е во согласност со одредбите од Законот за основно образование и Деловникот за работа на овој управен орган. Поголем дел од членовите на училишниот одбор активно учествуваат во креирањето на раководната и управувачката политика на училиштето. Статутот на училиштето е донесен согласно законската регулатива. Усогласувањето на другите акти на училиштето со законската регулатива се реализира континуирано. Директорот на училиштето е именуван согласно уредна пропишана законска постапка. Директорот има Програма за својата работа. Соработката на директорот со МОН, ДПИ и БРО, со локалната самоуправа, другите органи и служби е добра.<br><br>Во Годишната програма за работа на училиштето целите и задачите на училиштето се дефинирани во согласност со локалната и државната образовна политика, целите на училишната политика се фокусирани кон создавање на квалитетна настава, постигање на учениците, професионален развој на наставниот кадар. За учениците со посебни потреби, како и за категоријата талентирани ученици планирањата уредно се изготвени и уредно се спроведуваат. Наставниците, родителите и учениците се запознаени со целите и вредностите на училиштето. Нивната заинтересираност и ангажираност за подобри постигања е добра. Појава на насилничко однесување во училиштето не се евидентирани.<br><br>Мисијата, визијата и вредностите на училиштето се отсликуваат во Развојното планирање. Училиштето има акциски планови за поставените цели и план за следење и евалуација за реализација на активностите и постигањата на поставените индикатори за успешност. Училиштето има програма со кој се креира политиката за професионален развој на наставниците и стручните соработници, но потребно е да се обезбедат финансиски средства, соодветно на потребите за стручно усовршување на сите вработени. Училиштето ги планира материјално техничките средства но планирањето потешко го реализира поради ограниќени финансиски можности. Училиштето по потреба бара средства од локалната и деловната заедница за подобрување на инфраструктурата на училиштето. |

## 5. Фактори кои влијаат на развојот на основното училиште (СВОТ анализа)

**СВОТ анализа**

| **Предности (силни страни) на основното училиште** | **Слабости (слаби страни) на основното училиште** |
|---|---|
| - Наставата се организира и реализира согласно наставните планови и програми.<br><br>- Наставниците изготвуваат тематско процесно планирање и годишни планирања кои ги содржат сите неопходни елементи за успешна реализација на часот.<br><br>- Наставниците работат тимски и разменуваат меѓусебни искуства во однос на наставните програми.<br><br>- Директорот и стручниот соработник континуирано ги следи планирањата на наставниците според утврдени процедури за поддршка и следење на планирањата и истите се со добар квалитет.<br><br>- Во процесот на поучување и учење се користат различни методи на интеракција со учениците.<br><br>- Во училиштето се спроведува интегрирана настава.<br><br>- Наставниот кадар и стручниот соработник систематски ги препознаваат образовните потреби и пречките во процесот на учење на секој ученик.<br><br>- Психологот и дефектологот континуирано | - Интересот на родителите за наставните програми е мал.<br>- Наставниците не покренуваат иницијатива за изменување и дополнување на наставните планови и програми.<br>- Недоволна опременост на училишта со нагледни средства и ИКТ опрема.<br><br><br>• Доработка и усовршување на конкретните постапки за подобрување на постигнувањата на учениците;<br>• Системско усовршување на човечкиот потенцијал за работа со ученици со посебни образовни потреби и ученици со тешкотии во учењето, зајакнување на поддршката на надарените ученици.<br>• Несистемска форма на соработка со учениците кои имаат потреба од дополнителни часови;<br>• Недоволна координација помеѓу вработените за подобрување на постигнувањата на учениците при преминот од еден циклус во друг.<br>• Недоволна системска изграденост на формите на соработка со локалната заедница;<br>• Усовршување на стратегијата за |

| | |
|---|---|
| даваат поддршка на наставниците и учениците со ПОП.<br><br>- Оценувањето е редовно, праведно, добро организирано и транспарентно.<br><br>- Училиштето успешно го спроведува проектот за МИО со активности во редовната настава и вонннаставните активности на ниво на училиште и активности со четири партнер училишта.<br><br>-Училиштето обезбедува еднаквост за сите ученици.<br>- Претставување и афирмирање на училиштето преку медиумите, веб-страницата и страницата на фејсбук за различни училишни активности како и на меѓународно ниво преку присуство на обуки на Еразмус + Програмата.<br><br>- Квалитетот на дневните планирања се подобрува.<br><br>- Редовно водење на педагошка евиденција и документација по електронски пат (Е-дневник).<br><br>• Континуирано следење на постигнувањата на учени- ците и преземање активности за нивно подобрување;<br>• Развиена свест за константно подобрување на постигнувањата;<br>• Постоењето на системот за идентификација на ученици со тешкотии во учењето, ученици со посебни образовни потреби и надарени ученици;<br><br>• Тенденцијата да се соработува со учениците кои имаат потреба од дополнителни часови;<br>• Следењето на постигнувањата на учениците при премин од еден циклус во друг циклус на образование<br>Комуникацијата со локалната заедница;<br><br>• Следењето и анализирањето на редовноста на учениците; | задржување на учениците во образовниот процес;<br>• Мала и несуштинска присутност на родителите во севкупниот живот и работа на училиштето<br><br>-Новите вработени во нашето училиште не се доволно обучени за ИКТ и On-line настава и имаат малку посетени обуки<br>- Недостаток на стручна литература и прирачници со нови методи и техники за работа<br>- На предметните наставници им недостасуваат обуки и семинари за нивниот наставен предмет.<br>-Застарени компјутери за реализација на ИКТ во настава<br><br>• Ограничени материјално-технички средства (информатичко - технолошка и мултимедијална опрема) за подобрување на инфраструктурата на училиштето.<br>• Поголема вклученост на родителите и локалната бизнис заедница во обезбедување донации и спонзорства за подобрување на инфраструктурата во учиштето<br>• Да се зголеми бројот на обуки за професионалниот развој на воспитно-образовниот кадар за онлајн настава-учење со учениците.<br><br><br>- он - лајн комуникација помеѓу наставниците, учениците и родителите има, но треба да се подигне на повисоко ниво<br><br>• Наставниците сметаат дека училиштето е безбедно и сигурно.<br>• Според наставниците во училиштето постои јасно определен систем на права и одговорности и тој им е јасен на сите вработени како и учениците<br>• Се почитува дежурството од страна на наставниците.<br>• Во училиштето постои систем за |

| | |
|---|---|
| • Анализирањето на мотивите за напуштање на образованието и соработката со надлежните институции;<br><br>• Надминување на појавата за повторување на годината од страна на учениците преку заедничка соработка со наставниот кадар во училиштето;<br><br>- Вработените на нашето училиште се отворени за стекнување на нови знаења и соработуваат меѓусебно.<br>- Во нашето училиште се одржуваат интерни и екстерни обуки. Обуките во рамките на British Council „Училишта на 21 век“ во која учествуваа 6 наставници и истата е дисеминирана. Обуки од меѓународен карактер ЕРАЗМУС+ во кои учествуваа наставници и директорот на училиштето во Брарселона-Шпанија- на тема ,, Паметни европски училишта“, како и во Турција – Истанбул. Самостојни Online обуки организирани од European SchoolNet Academy во соработка со Еразмус+ и обуки организирани од БРО.<br>- Нашето училиште постојано аплицира во проекти од кои добива надгледни средства<br>-Нашето училиште постојано аплицира и реализира мултиетнички проекти со партнер-училиштата, а наставниците се подготвени за соработка.<br>-Нашето училиште има тим кој го следи професионалниот развој на наставниците и другите работници. Во Годишната програма на училиштето е планирано точно кои мерки да се преземат за професионалниот развој на вработените. Во тие мерки спаѓаат: интерни обуки(мини семинари/работилници), дисеминации од обуки, отворени и нагледни часови, екстерни обуки од БРО и проекти.<br>-Присуство на проекти и професионално усовршување на наставниците и раководниот орган надвор од нашава држава од меѓународен карактер.<br><br>• Раководните структури имаат јасно поставени цели и план за нивна реализација.<br>• Раководниот тим ја поттикнува тимската работа, ги поддржува и поттикнува вклучувањата и учествата во проекти и организира соработката во реализирањето на програмите. | поддршка на учениците кои имаат потешкотии.<br>• Соработката меѓу наставниците при решавање на образовните потреби на учениците е добра.<br>• Според родителите, вработените во училиштето се ангажирани околу однесувањето и безбедноста на учениците при нивното доаѓање, за време на одморите и при нивното заминување од училиште.<br>• Родителите се запознаени со куќниот ред и Правилникот за однесување во училиштето.<br>• Во училиштето нивното дете не е малтретирано и вознемирувано<br>• Учениците ги знаат своите права и обврски во училиштето.<br>• Според нив постои соработка меѓу наставниците и учениците.<br>• Учениците се чуствуваат пријатно и безбедно во училиштето и во училишниот двор.<br><br>- Половина од анкетираните ученици не се согласуваат дека постои возрасен во училиштето во кој имаат доверба и на кого можат да му се обратат за помош.<br><br>• Помал е придонесот на родителите во организација и реализација на разни манифестации и јавни настапи по разни поводи.<br>• Помал е процентот на користење на е-дневникот од страна на родителите |

| | |
|---|---|
| • Училиштето овозможува стручно усовршување на наставниот кадар, стручната служба и на вработените.<br>• УО редовно ги одржува седниците и има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и со другите училишни структури.<br>• Раководниот орган воспоставува партнерства и соработка со непосредната и пошироката заедница.<br>• Целите на училиштето се во согласност со државната и локалната образовна политика и се засноваат врз Законот за основно образование, Статутот на училиштето и Развојниот план на училиштето.<br>• Училиштето има донесено повеќе интерни правилници со кои се регулира однесувањето на учениците, нивното наградување и изрекување педагошки мерки, правилник за формата и содржината на педагошката документација и евиденција во училиштето, како и начинот на нивно водење.<br>• Постапката за креирање на училишната политика е преку давање предлози и учество на наставниците во различни тимови.<br>• Училиштето ги зема предвид мислењата на родителите и учениците.<br>• Беспрекорна меѓусебна соработка меѓу Директорот на училиштето, Претседателот и членовите на УО.<br>• Континуирана соработка со: Општина Јегуновце, БРО, МОН, ДПИ, ДИЦ, Локална самоуправа.<br>• Високо продуктивна соработка со Заводот за ментално здравје на деца и младинци на град Скопје, Центарот за социјални грижи, Црвен крст, невладини организации, бизнис-сектори, полиција, амбуланта и училишта со кои има потпишано меморандум за соработка.<br>• Постои развојно планирање во училиштето со јасно прецизирани теми.<br>• Во креирањето на училишната Годишна програма и Програмата за развој на училиштето се вклучени наставниот и стручниот кадар, директорот, Училишниот одбор, учениците и Советот на родителите. | |

| | |
|---|---|
| - Училиштето има солидна и континуирана соработка со МОН, ДПИ, БРО, локална самоуправа<br>- Комуникацијата на ниво на училиште е на високо ниво<br>- Соработката е на високо ниво меѓу наставниците и учениците, а најмногу со одделенските раководители<br>- Помеѓу учениците постои соработка било да се од иста или различна етничка припадност или да се ученици од различни училишта.<br>- Соработката со родителите е на високо ниво<br>- На високо ниво е соработката со локалната самоуправа, со граѓански здруженија, бизнис-сектор, со други образовни институции во РС Македонија и со донатори.<br><br>• Работната атмосфера и добрата соработка меѓу стручниот соработник, директорот , наставниците и другите вработени во училиштето овозможуваат позитивна клима во училиштето.<br>• Училиштето има веб-страница и страна на ФБ.<br>• Училиштето секогаш е отворено за соработка со родителите и има воспоставено партнерски однос.<br>• Наставниците организираат приемни денови за иднивидуални разговори со родителите на учениците,кои се истакнати на огласна табла во ходникот на училиштето.,<br>• Училиштето има одлична соработка со локалната самоуправа и воспитно – образовните установи, институции од областа на културата, претпријатијата и други органи и организации. | |
| **Можности (прилики) што произлегуваат од работата за основното училиште** | **Закани, пречки (опасности) што произлегуваат од опкружувањето за основното училиште** |

| | |
|---|---|
| Солидна професионална подготвеност на наставниот кадар кој може да се потикне и подржи во поактивно вклучување во изработувањето наставни програми.<br><br>Позитивно прифаќање за вклучување во воннаставни активности од значаен број на родители и подготвеност на училиште за нивно поголемо вклучување.<br><br>Училишна политика и практика и спремност на наставници за прифаќање и инклузија на ученици со посебни образовни потреби.<br>Планирање на реализација на насоки од Концепцијата за инклузивно образование<br><br>Насоченост на училиштето и наставниците кон максимално користење на постојната опрема и нагледни средства, и настојување за изнаоѓање начини за постојано доопремување, како и доекипирање на училиштето со потребниот кадар.<br><br>Постојана насоченост и политика на училиштето за изнаоѓање начини за доопремување на училиштето со опрема и нагледни средства за реализација на поквалитетен воспитно образовен процес.<br><br>Посветеност на училиштето кон постојано унапредување, осовременување и изнаоѓање на нови начини за комуникација и односи со јавноста.<br><br>Училиштето настојува постојано да ја унапредува и подобрува училишната клима и соработката со родителите и учениците во надминување на емоционалните проблеми на учениците.<br><br>Постојана спремност и подготвеност и заложби на училиштето за подобрување на соработката со родителите и локалната средина. | Големата ангажираност со работни и секојдневни обврски на родители оневозможува нивно поголемо вклучување во работата на училиштето.<br><br>Недоволна солидна едуцираност на наставниот кадар за работа со ученици со посебни образовни потреби и онлајн наставата.<br><br>Недоволно материјални средства и извори за обезбедување на стручна литература и наставни средства кои ќе соодветствуваат со современите наставни текови и постојните потреби на наставата и воспитно образовниот процес.<br>Недоволно материјални средства и извори за обезбедување информатички и технички средства за квалитетно одржување на наставата.<br><br>Недоволно финансиски средства и извори за стручно усовршување на кадарот.<br><br>Недоволно материјални средства и извори за обезбедување печатење на училишен весник<br>Постоење на затвореност неподготвеност на родителите за соработка и навремено откривање и решавање на проблемите на учениците.<br><br>- Намалување на бројот на учениците поради миграција село-град и иселување во странство<br>- Недоволно финансиски средства за реконструкција на на објектите и изградба на пристапни рампи |

## 6. Мисија и визија на основното училиште

**МИСИЈАТА на нашето училиште е:**

„Промовираме стимулативна и здрава средина за учење преку интегрирана настава и современа образовна технологија, развивајќи ја комуникацијата меѓу наставник – ученик – родител без оглед на етничката припадност“

**МОТО научилиштето е:**
„Заедно кон поквалитетно образование“.

**ВИЗИЈАТА** на нашето училиште е споделена. Наставниците,училишниот менаџмент, учениците, родителите и претставниците на локалната заедница училиштето го гледаат вака:

„Пријатна средина каде што учениците со задоволство ќе доаѓаат, бидејќи наставата е интегрирана и современа и приспособена според нивните потреби. Здрава, безбедна и демокрака средина  во која ќе се гради позитивна мултиетничка училишна клима“.

## 7. Стратешки цели и приоритетни подрачја за развој на основното училиште во четиригодишниот период

Во утврдувањето на подрачјата на промени и приоритети во предвид се земаат резултатите и сознанијата од програмата за развој на училиштето и самоевалуацијата на работата на училиштето, препораките и насоките од интегралната евалуација од страна на Државниот просветен инспекторат, насоките дадени од БРО и МОН, како и потребите на наставниците констатирани при реализација на воспитно-образовниот процес и истакнати на состаноците на стручните активи.

| Приоритетно подрачје „Организација и реализација на наставата и учењето “ | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **<u>Стратешка цел 1. Подобрување и унапредување на квалитетот на организирање и реализирарање на наставата</u>**<br><br>**Развојна цел 1.1. Подобување на нагледноста и снабденоста со сите неопходни средства за успешно реализирање на наставните содржини и онлајн настава.** | | | | | |
| **Конкретна цел 1.1.1. Доопремување на кабинетите и училниците со нагледни средства, технички помагала и ИКТопрема** | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Носители на активности | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализцијата на активност. |
| 1.Изработка на приоритетна листа од нагледни средства,технички помагала, ИКТ опрема | Навремена и целосна листа за приоритетните потреби | директор психолог сите наставници, кои предаваат во училиштето | септември, октомври, 2020-2021 год. | хартија, компјутер (интернет), прибор за пишување | Комисија за Развојна програма за работа на основното училиште |
| 2. Изготвување на предлог буџет | Подготвен реален буџет | директор тим | Ноември 2020-2021 год | хартија, компјутер (интернет), прибор за пишување | Комисија за Развојна програма за работа на основното училиште |
| 3.Поднесување барања до спонзори или донатори; | Поднесени барања до спонзори или донатори | директор секретар тим | Декември 2020-2021 год | хартија, компјутер (интернет), прибор за пишување | Комисија за Развојна програма за работа на основното училиште |
| 4.Барање поддршка од локална самоуправа | Поднесени барања за поддршка од локална самоуправа | директор Училишен одбор | Декември 2020-2021 год | хартија, компјутер (интернет), прибор за пишување | Комисија за Развојна програма за работа на основното училиште |
| 5.Набавка на нагледни средства, технички помагала, ИКТ опрема | Подобрена е нагледноста и снабденоста со сите неопходни средства за успешно реализирање на наставните содржини и онлајн настава | комисија за набавки директор | Учебна 2021/2022 | понуди спонзори донатори | Комисија за Развојна програма за работа на основното училиште |

| Конкретна цел 1.1.2. Зголемување на опременоста на библиотеките со библиотечен фонд на книги | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Активности | Индикатори за успех | Носители на активности | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализцијата на активностите |
| 1.Изработка на приоритетна листа книги во библотеките во ЦУ Вратница и ПУ Јажинце | Навремена и целосна листа | библиотекари | септември, октомври, 2020-2021 год | печатач хартија компјутер | Комисија за Развојна програма за работа на основното училиште |
| 2. Изготвување на предлог буџет | Подготвен реален буџет | директор секретар | Ноември 2020-2021 год | хартија, компјутер (интернет), прибор за пишување | Комисија за Развојна програма за работа на основното училиште |
| 5.Набавка на книги за библотеките во ЦУ Вратница и ПУ Јажинце | Набавени лектири и друга литература<br><br>зголемен библиотечен фонд на книги | Комисија за јавни набавки<br>директор | Ноември, декември<br>2020-2021 год | понудувачи печатач хартија компјутер | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Приоритетно подрачје „Професионален развој на наставниците, стручниот соработник и на раководниот кадар “** | | | | | |
| **<u>Стратешка цел 1. 2.1.Подобрување и унапредување на квалитетот на организирање и реализирарање на наставата</u>** | | | | | |
| **Развојна цел 1.2.1. Континуирано стручно и професионално усовршување на наставниците за современа настава** | | | | | |
| **Конкретна цел 1.2.1. Професионално усовшување на наставен кадар за современа настава.** | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Носители на активности | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализцијата на активностите |
| Закажување средби на стручни активи | одржани средби на СА | претседатели на СА | септември<br>2020/2021/2022 | работен тим<br>наставници<br>понудувачи<br>печатач<br>хартија<br>компјутер | Тим за професионален развој |
| Предлагање теми од страна на наставниците | предложени теми според потребите | претседатели на СА | Октоври<br>2020/2021/2022 | работен тим<br>наставници<br>понудувачи<br>печатач<br>хартија<br>компјутер | Тим за професионален развој |
| Предлагање теми за обуки до Тимот за професионален развој на наставници | Внесени обуки во програма за проф.развој | претседатели на СА | Октомври<br>2020/2021/2022 | работен тим<br>наставници<br>понудувачи<br>печатач<br>хартија<br>компјутер | Наставници<br>психолог |
| Одржување на обуки | Унапреден квалитетот на организирање и изведување настава | обучувачи<br>психолог<br>дефектолог<br>дисеминатори | Учебна<br>2020/2021/2022 | Компјутер<br>печатач<br>хартија<br>стручна<br>литература | Тим за професионален развој |

| Приоритетно подрачје „Управување и раководење“ | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Стратешка цел 1. 3. Подобрување и обновување на инфраструктурата и материјално-техничките услови во училиштето**<br><br>**Развојна цел 1.3.1. Подобрување на условите за работа во училиштето** | | | | | |
| **Конкретна цел 1.3.1.** Адаптирање и опремување на просторија за Центар за поддршка на учењето на учениците со попреченост во ЦУ Вратница и библиотека во ПУ Јажинце | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Носители на активности | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализцијата на активностите |
| Размена на мислења за потребите | Нови адаптирани простори за поквалитетна настава | директор хаусмајстори економ дефектолог библиотекар | 2020-2021 | печатач хартија компјутер | Комисија за Развојна програма за работа на основното училиште |
| Изработка на план за зголемување на просторни услови. Изготвување на листа на помагачи при реализацијата. | Нови адаптирани простории<br><br>поквалитетна настава | директор, дефектолог библиотекар фаусмајстори | 2020-2021 | хартија компјутер компјутер-ска опрема | Комисија за Развојна програма за работа на основното училиште |
| Адаптирање на просторија за Центар Центар за поддршка учењето на учениците со попреченост во ЦУ Вратница | Адаптирана просторија | Директор хаусмајстори дефектолог | 2020-2021 | Боја за кречење Мрсна боја огледало сензорна соба | Комисија за Развојна програма за работа на основното училиште |
| Изградба на преграден зид за просторија за библиотека во ПУ Јажинце | Нова библиотека | Директор хаусмајстори библиотекар | 2021-2022 | Цигли цимент мрежа боја за кречење | Комисија за Развојна програма за работа на основното училиште |

| **Конкретна цел 1.3.2. Реконструкција на зградата на ЦУ Вратница интернатот фасада на училиштето во Вратница, кров од интернат, пренамена на греење со палети, санитарни јазли во училиштето и интернатот, подови и електрика.** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Активности | Индикатори за успех | Носители на активности | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализцијата на активностите |
| Подготвување на апликација до МОН за целосна реконструкција на ЦУ Вратница и интернатот | Целосно подготвена апликација | Директор психолог економ | 2020 год. | Апликација од МОН Компјутер Принтер Хартија | Комисија за Развојна програма за работа на основното училиште |
| Барање понуди за проект и избор на најповолен понудувач | Избран најповолен понудувач за изработка на проект | Комисија за јавни набавки Директор | 2020 год. | Компјутер Принтер Хартија | Комисија за Развојна програма за работа на основното училиште |
| Аплицирање до МОН преку Општина Јегуновце | Успешно поднесена апликација | Директор Општина Јегуновце | 2020 год. | Пликови Компјутер Принтер Хартија | Комисија за Развојна програма за работа на основното училиште |
| Целосна реконструкција на училиштето и интернатот изградба на пристапна рампа и спојување на училиштето со интернатот | Подобрени условите за работа во училиштето | Фирма изведувач | 2021 год. | Ресурсите се од изведувачот | МОН |

| Конкретна цел 1.3.3.- Реконструирање подови во ПУ Јажинце (канцеларија) , Старо Село (2 училници) и Рогачево (2 училници)<br>- Доработка на фасада и лимарски работи во ПУ Рогачево ,<br>- Доработка фасада и лимарски работи во ПУ Орашје – заден дел од зградата<br>- Изработка на фасада во ПУ Старо Село | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Активности | Индикатори за успех | Носители на активности | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализцијата на активностите |
| Размена на мислења за потребите за реконструкција на објекти | Изготвен план за реконструкциите | директор хаусмајстори економ одговорни наставници на ПУ | 2020-2021 | печатач хартија компјутер | Комисија за Развојна програма за работа на основното училиште |
| Изработка на финансов план и доставување до Општина Јегуновце | Изготвен финансов план | Директор секретар | Декември 2020/2021/2022/ 2023 | печатач хартија компјутер интернет | Комисија за Развојна програма за работа на основното училиште |
| Барање понуди и избор на најповолен понудувач | Избран најповолен понудувач | Комисија за јавни набавки Директор | 2020/2021/2022/ 2023 | Компјутер Принтер Хартија | Комисија за Развојна програма за работа на основното училиште |
| Реконструирање подови во ПУ Јажинце (канцеларија) , Старо Село (2 училници) и Рогачево (2 училн.<br>- Доработка на фасада и лимарски работи во ПУ Рогачево<br>- Изработка фасада во ПУ Старо Село<br>- Доработка фасада и лимарски раб. во ПУ Орашје | Реконструирани објекти<br><br>подобрени услови за работа | Избраниот понудувач | 2021 година<br>2023 година<br>2023 година<br>2024 година<br>2022 година<br>2023 година | Ресурсите се од изведувачот | Комисија за Развојна програма за работа на основното училиште |

| **Конкретна цел 1.3.4. Изградба пристапни рампи во сите училишни објекти** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Активности | Индикатори за успех | Носители на активности | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализцијата на активностите |
| Размена на мислења за потребите пристапни рампи во ЦУ Вратница и подрачните училишта во Рогачево, Јажинце и Старо Село | Изготвен план | директор хаусмајстори економ одговорни наставници на ПУ | 2020/2024 | печатач хартија компјутер | Комисија за Развојна програма за работа на основното училиште |
| Изработка на финансов план и доставување до Општина Јегуновце | Изготвен финансов план | Директор секретар | Декември 2022/ 2023 | печатач хартија компјутер интернет | Комисија за Развојна програма за работа на основното училиште |
| Барање понуди и избор на најповолен понудувач | Избран најповолен понудувач | Комисија за јавни набавки Директор | 2022/ 2023 | Компјутер Принтер Хартија | Комисија за Развојна програма за работа на основното училиште |
| Изградени пристапни рампи:<br><br>ЦУ Вратница<br><br>ПУ Јажинце<br>ПУ Рогачево<br>ПУ Старо Село | Изградени пристапни рампи<br><br>овозможен еднаков пристап за сите во училиштата | Избраниот понудувач | 2022 година<br><br>2023 година | Ресурсите се од изведувачот | Комисија за Развојна програма за работа на основното училиште |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Конкретна цел 1.3.5. Поставување ограда во ПУ Јажинце** | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Носители на активности | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализцијата на активностите |
| Размена на мислења за потребите за ограда во ПУ Јажинце | Изготвен план | директор хаусмајстор економ одговорен наставник на ПУ Јажинце | 2021-2022 | печатач хартија компјутер | Комисија за Развојна програма за работа на основното училиште |
| Изработка на финансов план и доставување до Општина Јегуновце | Изготвен финансов план | Директор секретар | Декември 2022/ 2023 | печатач хартија компјутер интернет | Комисија за Развојна програма за работа на основното училиште |
| Барање понуди и избор на најповолен понудувач | Избран најповолен понудувач | Комисија за јавни набавки Директор | 2022/ 2023 | Компјутер Принтер Хартија | Комисија за Развојна програма за работа на основното училиште |
| Поставување на ограда во ПУ Јажинце | Поставена ограда во ПУ Јажинце | Избраниот понудувач | 2023 година<br><br>2024 година | Ресурсите се од изведувачот | Комисија за Развојна програма за работа на основното училиште |

## 8. Соработка на основното училиште со родителите/старателите

ООУ ,,Симче Настовски “ Вратница го спроведува проектот ,,Заедничка грижа за правилно насочување на учениците“ според кој се предвидува активно учество на родителите во работата и животот на училиштето и тоа : заедничко организирање наставни часови и предавања со

наставниците, учество во организирање и реализација на екскурзии и излети, преземање активности од спортски, културен, едукативен и забавен карактер. Целта е да се зајакне врската родител-ученик-наставник. Родителите соработуваат со наставниците и другите субјекти во училиштето не само преку индивидуални и заеднички средби, туку и како активни членови во

работата на Советот на родители и Училишниот одбор.

Родителите имаат можност да дадат свој придонес во насока на унапредување на воспитно-образовната работа на училиштето така што заедно со наставниците ќе планираат и релизираат наставни часови од одредни теми блиски за нив и во согласност со нивната стручна подготовка, ќе учествуваат во организирање разни работилници, трибини и дебати, ќе помогнат при набавка и обновување на нагледни и технички средства, помагала и материјали.

Овој период родителите ќе придонесат и за поуспешно реализирање на разни воннаставни активности, натпревари, екскурзии, забави за учениците, приредби, хепенинзи, работни акции, промоции и други манифестации.

Во следниот период се планира да продолжи соработката со Советот на родители во сите сегменти на воспитно образовниот процес . Советот на родители ќе партиципира во давање идеи, предлози и донесување на одлуки во Училишна заедница и Училишен одбор

Се планира да се организираат едукативни работилници за родители, за одредени активности кои се реализираат во нашето училиште.

Училиштето соработката со родителите ќе ја остварува преку редовно информрање во однос на редовноста, однесувањето и оценувањето на учениците. Ваквата соработка ќе се реализира преу соопштенија, извештаи, анализи, презентации, организирани работилници, советувања и сл. Со почетокот од секоја учебната година училиштето изготвува Училишен брошура која им се доставува на родителите.и до претставниците на Советот на родители.

## 9. Соработка на основното училиште со општината, институциите од областа на образованието, НВО итн.

Училиштето соработува со локалната заедница и е вклучено во реализирање на активности преку заеднички проекти и слично. Соработката со голем број установи позитивно влијае на подобрување на воспитно образовниот процес кај учениците. Соработка со средни училишта, соработка со Општина Јегуновце, соработка со библиотеката во с. Прељубиште и градската библиотека во Тетово; соработка со невладини организации; соработка со училиштата од општина Јегуновце; театри, музеи, ДКЦ, МКЦ, соработка со телевизиски и куќи, радио и печатен медиум, Црвен крст-Тетово, училиштето со ресурсен центар „Златан Стремац“-Скопје, соработка со еколошки организации, Завод за ментално здравје-Скопке, Амбуланта-Вратница, Медицински центар Тетово, ДПИ, МТСП, СВР Теарце и Тетово, Национално тело за функционална процена.

Локалната заедница учествува во подобрувањето на условите за работа што би придонеле за повисок квалитет во работењето. Соработката особено е интензивна при прославувањето на бројни празници и одбележување на значајни датуми. По тој повод секоја година традиционално се организираат ликовни и литературни конкурси, спортски и други

натпревари за училиштата кои припаѓаат на нашата општина со што се зајакнува соработката и се создава позитивен натпреварувачки дух меѓу училиштата во нашата општина. Голем е бројот и на дополнителни активности во кои активно земаат учество учениците од прво до деветто одделение. Организирање на свечена приредба за прием на првачиња на која секогаш се поканети и претставници на локалната средина; по повод Денот на шегата изработка на маски и костими; свечена приредба за доделување на пакетчиња по повод Новогодишните празници за деца кои потекнуваат од социјално загрозени семејства; организирање на културни манифестации од различен карактер; по повод Денот на дрвото засадување на садници; учество на натпревари по различни предмети на општинско ниво.

## 10. Следење на имплементацијата на Развојната програма за работа на основното училиште

| Приоритетни подрачја за следење | Начин и време на следење | Одговорно/ни лице/а | Кој треба да биде информиран за следењето |
|---|---|---|---|
| Организација и реализација на наставата и учењето | -Прибрани согледувања на крајот на учебните години од членови на групата за ова подрачје на самоевалуација (записници од одделенски, наставнички совети, годишни извештаи, анкети и слично) | Директор<br>Психолог<br>Одговорен за ова подрачје од само-евалуацијата | Наставничкиот совет<br>Совет на родители<br>УО |
| Професионален развој на настав-ниците, стручниот соработник и на раководниот кадар | -Прибрани согледувања на крајот на учебните години од членови на групата за ова подрачје на самоевалуација (извештаи и пописни листи за опрема, записници од одделенски, наставнички совети, годишни извештаи, анкети и слично ) | Директор<br>Стручна служба<br>Наставници<br>Домаќин<br>Одговорен за ова подрачје од самоевалуацијата | Стручни активи<br>Одделенски совети<br>Наставничкиот совет |
| Управување и раководење | Финансискипланови,записници и извештаи од комисии за реализација на планираните активности, согледувања од годишни извештаи на училиште, протоколи за следење и сл. во време на реализација на активности | Директор<br>Секретар<br>Домаќин<br>Одговорен за ова подрачје од самоевалуација | Наставничкиот совет<br>Совет на родители<br>УО |

## 11. Евалуација на Развојната програма за работа на основното училиште

Евалуацијата ќе се врши во текот на целиот развоен период во сите сгментин а планирањето како и неговата реализација. Тоа ќе се врши преку полугодишни и годишни извештаи за работата на тимовите. На секои две години училиштето изготвува самоевалуација преку која исто така ќе се врши евалуација на развојната програма за работа на училиштето преку следните техники и истражувачки постапки:

-интервјуа со наставници, ученици, родители и други субјекти;

-анкети со наставници, ученици и родители;

-набљудување на условите за работа, активностите на учениците, мотивација на наставниците и учениците при реализација на предвидените содржини.

Евалуацијата ќе биде наменета за потребите на училишниот колектив, учениците, Училишниот одбор, Советот на родители, локалната заедница, МОН, БРО и други институции.

Добиените податоци од евалуацијата ќе ни покажат до каде сме, што сме оствариле и кои активности како приоритети во идната развојна програма на училиштето да ги планираме.

Евалуацијата ќе ја врши комисијата за развојната програма на училиштето во соработка со наставниците, учениците, Советот на родители, Училишниот одбор и локалната заедница.

## 12. Заклучок

Периодот и условите во кои го изработувавме овој документ - Развојна програма за работа на училиштето во наредните четири години, беше значително поразличен од досегашниот начин на организирање на наставата и работата на училиштата досега. Бевме, а и суште сме исправени пред новите предизвици и непознанииници во однос на безбедносните опасности и закани по здравјето на ученците и вработените, сеуште не додефинараниот систем на промени на начините на организација и реализација на наставата во законски рамки во овие променети услови, промени и прилагодувања на Наставните планови и програми, неможноста да се направи за толку години планирање поради неможност за реални предвидувања. Се обидовме планирањето на активности да го направиме врз основа на досегашните насоки, но можеби и тоа ќе има потреба од дополнителни промени и прилагодувања за кои најверојатно ќе се наметне потреба од дополнувања со анекси или пак промени во самата програма. И покрај големите неизвесности и непознаници се надеваме, и ќе се обидеме да ги реализираме планираните активности.

## 13. Комисија за изработка на Развојната програма за работа на основното училиште

1. Бранка Марковиќ – в.д. Директор/раководител
2. Кристина Дамјановска – училишен психолог
3. Јадранка Мисајлоска - одделенски наставник
4. Илир Мисими - одделенски наставник
5. Селвие Селмани - предметен наставник
6. Светлана Апостолска - предметен наставник
7. Жаклина Богојеска - родител

## 14. Користена литература


1. Годишна програма за работата на училиштето за учебната 2020/2021 година;
2. Годишни извештаи за работата на училиштето;
3. Самоевлуација на училиштето за период од 2018-2020 година;
4. Извештај од извршена интегрална евалуација;
5. Правилник за формата и содржината на Развојната и Годишната програма за работа на основното училиште;
6. Индикатори за квалитет на работата на училиштата од МОН и ДПИ;
7. Алатки и инструменти за функционална самоевалуација на училиштата-Константин Петковски, Менка К. Михајлова, Елизабета Левеска


Датум: 07.12.2020 година

**в.д. Директор**
**Бранка Марковиќ**

____________________

**Училишен одбор**
**Претседател,**
**Маргарета Петковска**

____________________